Архивски број: 08-382/10
24-11-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-382/1 од 24.4.2025 година поднесена од ---------, против Општина ---------, за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на Општина --------- кон --------- во областа на работата и работните односи.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-382/1 од 24.4.2025 година, од страна на ---------, против Општина ---------, за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи.

Согласно наводите од претставката, со Решение бр. ---------, донесено од страна на Општина ---------, на подносителот на претставката- административен службеник вработен како Советник комунален инспектор во Одделение за инспекциски надзор во Општина ---------, му е утврдена плата како административен службеник. Тој смета дека со предметното решение е сторена директна дискриминација по основ на припадност на работно место. Имено, за него е спорна алинеја 7 на став 1 од изреката на решението за плата, која се однесува на додаток на плата- 82 бода, донесена врз основа на член 24 став 10 од Колективниот договор на Општина ---------.

Член 24 став 10 од Колективниот договор на Општина --------- предвидува:

„Делот на платата на ниво на кое е распореден административниот службеник, освен за вработените со статус на инспектори, се зголемува за 106 бодови и ќе почне да се применува со исплата на плата за месец февруари 2025 година".

Подносителот смета дека со оваа одредба се занемарува забраната за дискриминација предвидена со Законот за спречување и заштита од дискриминација, па вработените административни службеници кои се на позиција инспектори се поставуваат во посебна категорија на вработени и се бодуваат со други бодови, иако член 87 став 4 од Законот за административни службеници, на кој упатува и член 48 од Законот за инспекциски надзор пропишува загарантирано ниво на бодови во делот на платата, и тоа 106.

Дека дискриминацијата се однесува само на категорија вработени и за работно место инспектор, како доказ го наведува скоро изменетиот член 24-б од Колективниот договор на Општина ---------, кој се однесува само на статусот инспектори, а за сите други важи член 24-а.

Член 24-б од Колективниот договор гласи:

„Административните службеници, вработени во Општина ---------, со статус инспектори имаат право на додаток на плата заради усогласување со минималната плата и други околности (работна успешност, специфични работни задачи и работни услови, доверливост, интегритет и посебна одговорност) за што Градоначалникот, во соработка со репрезентативниот синдикат утврдува и одобрува додаток на плата која се пресметува на следниов начин: В1- Советник инспектор (стручен административен службеник од прво ниво)- 82 бода".

Како дополнителен доказ за постоењето на дискриминација тој го наведува фактот дека исто вакво решение за плата, донесено кај истиот работодавач- Општина ---------, а се однесува на друг административен службеник од друго помало ниво (трето ниво В3), распореден на работно место Соработник, но за други работи и во кое е применет член 24-а од Колективниот договор, утврдува дека на тој административен службеник му се утврдени 106 бодови за ниво, а не 82.

Од горенаведените причини, подносителот смета дека работодавачот со донесување на Колективниот договор и оспореното решение за плата сторил директна дискриминација кон одредена категорија на вработени во Општина ---------.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати Известување бр. 08-382/2 од 7.5.2025 година за произнесување по наводите од претставката до Општина ---------.

На ден 23.5.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување како одговор на претставката од страна на Општина ---------, заведен во Комисијата под бр. 08-382/3.

Во своето произнесување информираат дека административниот службеник ---------, вработен во Општина ---------, последно бил распореден на работно место Советник комунален инспектор во Одделението за инспекциски надзор. Согласно етапното зголемување, етапно му биле утврдени и исплаќани бодови, како додаток на плата за инспектор.

По донесениот Колективен договор на Општина ---------, на административниот службеник му било издадено Решение за утврдување на плата на административен службеник.

Со стапување во сила на одредбата од член 14 став 1 од Општиот колективен договор за јавниот сектор, на административниот службеник му било издадено Решение за утврдување на плата на административен службеник.

Со стапување во сила на одредбата од член 14 став 2 од Општиот колективен договор за јавниот сектор, пак, на вработените во Општина --------- им било извршено усогласување на платата поради промена на индексот на трошоци на живот, со зголемување во износ од 0,7 проценти на основната бруто плата на секој вработен во Општината.

По Анекс на Колективниот договор на Општина ---------, на административниот службеник --------- му било издадено Решение за утврдување на плата на административен службеник.

Тој потпишал Спогодба бр. --------- и му било издадено Решение за утврдување на плата бр. ---------.

Од Општината истакнуваат дека од спомenатите решение може да се утврди дека во ниту една ситуација и во ниту еден момент административниот службеник --------- не бил ставен во неповолна положба, ниту дискриминиран во однос на останатите вработени во Општина ---------, туку напротив, навремено му биле исплаќани сите додатоци согласно позитивните законски норми.

Согласно Колективниот договор на Општина --------- и Анексот на Колективниот договор на Општина ---------, наведуваат дека не се определени понеповолни права утврдени со закон или друг колективен договор, туку напротив се додадени дополнителни бодови и поповолни услови.

Последно наведуваат дека оспореното решение за плата на подносителот било донесено согласно законските норми, односно согласно Законот за административни службеници, Законот за инспекциски надзор, Колективниот договор на Општина ---------, Анексот на Колективниот договор на Општина --------- и Општиот колективен договор за јавниот сектор.

По анализа на одговорот од страна на Општина ---------, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање бр. 08-382/4 од 2.7.2025 година за доставување дополнителни информации во врска со претставката до Општина ---------. Со дописот беше побарано дополнително објаснување за оправданоста на различното бодување на административните службеници и инспекторите во однос на делот од плата за ниво, согласно кое на вработените административни службеници инспектори им се доделени 82 бода како дел на плата за ниво, додека пак на останатите административни службеници им се доделени 106 бода како дел на плата за ниво.

Дополнително, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати и Барање бр. 08-382/5 од 2.7.2025 година за информации во врска со претставката до Синдикалната организација на Синдикат на работниците во администрација и државна управа (САДУ) при Општина ---------, како потписници на Колективниот договор на Општина ---------. Од Синдикатот исто така беше побарано дополнително објаснување за оправданоста на различното бодување на административните службеници и инспекторите во однос на делот од плата за ниво.

Општина --------- до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати одговор на Барањето за дополнителни информации, заведен во Комисијата под бр. 08-382/6 од 16.7.2025 година.

Во одговорот известуваат дека Градоначалникот на Општина --------- во координација со синдикалната организација, како репрезентативно тело, спровел активности и дискусии кои резултирале со склучување на Анекс на Колективниот договор, со кој се предвидува линеарно зголемување на платите за сите вработени во Општина ---------, во износ од околу 3000 денари месечно, кое било претворено во бодови за сите вработени во Општина ---------.

Зголемувањето е линеарно, што значи дека сите вработени добиваат еднаков износ на покачување, износ од околу 3000 денари (претворени во бодови), без оглед на нивната функција, работно место или друг основ. На овој начин, тие сметаат дека не само што не била сторена дискриминација, туку напротив се унапредува принципот на еднаквост и се подобрува положбата на сите вработени. Дополнително истакнуваат дека и подносителот на претставката е опфатен со ова линеарно зголемување и му се доделени соодветни бодови како и на сите други вработени.

Синдикалната организација на Синдикат на работниците во администрација и државна управа (САДУ) при Општина --------- достави одговор на Барањето за информации до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, заведен во Комисијата под бр. 08-382/8 од 18.8.2025 година.

Во одговорот тие известуваат дека синдикалната организација, како репрезентативно тело, во координација со надлежните органи спровела активности кои резултирале со склучување на Анекс на Колективниот договор, со кој се предвидува линеарно зголемување на платите за сите вработени во Општина --------- во износ од околу 3000 денари месечно, кое било претворено во бодови.

Во текот на процесот бил одржан состанок со членовите на синдикатот, каде што сите присутни биле детално информирани за предлогот, при што изразиле целосна согласност со договореното зголемување. Зголемувањето е линеарно, што значи дека сите вработени добиваат еднаков износ на покачување во износ од околу 3000 денари, без оглед на нивната функција, работно место или друг основ. Дополнително истакнуваат дека подносителот е опфатен со ова линеарно зголемување и му се доделени соодветни бодови како и на сите други вработени. Последно наведуваат дека доколку исклучиво на него би му биле доделени

дополнителни бодови надвор од договорената рамка, тогаш во неповолна положба би биле ставени сите останати вработени.

По увид во наводите во претставката, доставеното произнесување од Општина --------, како и севкупно прибраните информации, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

Претставката се однесува на наводно спорни одредби од Колективниот договор на Општина ---------, поточно Решението за утврдување на плата на административен службеник, со кое на подносителот на претставката му била утврдена платата. Како една од компонентите на платата, додатокот на плата заради усогласување со минималната плата и други околности изнесувал, како и кај другите инспектори во Општината, 82 бодови. Кај останатите административни службеници, пак, кои не се распоредени на работно место инспектор, се предвидени 106 бодови како додаток на плата. Предвидениот додаток на плата, изразен во бодови, всушност претставува технички механизам за реализација на линеарното зголемување на платите на административните службеници во Општина ---------. Зголемувањето во ист апсолутен износ го добиле сите вработени, без оглед на нивната функција, работно место или друг основ.

**Член 24-а од Колективниот договор на Општина** --------- гласи:

„Административните службеници, вработени во Општина ---------, освен инспекторите, имаат право на додаток на плата заради усогласување со минималната плата и други околности (работна успешност, специфични работни задачи и работни услови, доверливост, интегритет и посебна одговорност) за што Градоначалникот, во соработка со репрезентативниот синдикат утврдува и одобрува додаток на плата која се пресметува на следниов начин: [...]- 106 бодови".

**Член 24-б од Колективниот договор на Општина** --------- гласи:

„Административните службеници, вработени во Општина ---------, со статус на инспектори имаат право на додаток на плата заради усогласување со минималната плата и други околности (работна успешност, специфични работни задачи и работни услови, доверливост, интегритет и посебна одговорност) за што Градоначалникот, во соработка со репрезентативниот синдикат утврдува и одобрува додаток на плата која се пресметува на следниов начин: [...] В1- Советник инспектор (стручен административен службеник од прво ниво)- 82 бодови".

Во овој контекст, **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** гласи: *„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што* ***се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други."*

Според **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, *„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."*

Во конкретниот случај, станува збор за линеарно зголемување на платите на административните службеници во Општина --------- во апсолутен износ од околу 3000 денари. Линеарното зголемување подразбира дека сите вработени добиваат еднаков износ на покачување, во овој случај околу 3000 денари, кои се претворени во бодови и на таков начин претставуваат компонента на платата, утврдена во решенијата за утврдување на плата.

Имено, со цел секој вработен да добие ефективно покачување на платата од околу 3000 денари, потребно е истиот износ да се претвори во бодови, чија висина ќе зависи од работното место, односно ниво. Во спротивно, еднаков број на бодови би значел нееднаков износ на покачување.

Земајќи го ова предвид, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не утврди дека начинот на кој било реализирано покачувањето од страна на Општина -------- имало за последица ставање во нееднаква положба на инспекторите во Општината наспроти останатите административни службеници. Ова дотолку повеќе што подносителот добил покачување на неговата плата во ист апсолутен износ како и останатите административни службеници кои не се инспектори, па оттука тој не бил ставен во понеповолна положба во однос на нив.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:

- ---------
- Општина ---------